ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 22.06.2018 ГОДИНА 36

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 22.06.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД ТРЕТИТЕ ЛИГИ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР
**Седница од 19.06.2018 година**

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерот Мемеди Р. Мемед од Фудбалскиот клуб „Арсими 1973„ од с.Чегране, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ
**Седница од 21.06.2018 година**

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Лазарев Игор од Градскиот фудбалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалск сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 22.06.2018 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Петковски С. Филип од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по чл. 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерите: Петковски Филип и Митрев Деан, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година, до 14.06.2019 година.

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерот Божиновски Даниел склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ Скопје, фудбалерите: Велковски Дарко, Стојчевски Филип, Блажевски Дајан, Грнчаров Бобан, Глишиќ Дарко, Стојков Ацо од ФК „Вардар АД„ Скопје и Димовски Борче од ФК „Металург АД„ од Скопје, поради преминување во друг ОФС.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Бопесу Јоел Д Ор од ФК „Скопје АД„ Скопје за Фудбалскиот клуб „Рабтнички АД„ Скопје, по чл. 35/3 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од од 1 (една) година.

Не се објавуа регистрацијата на фудбалерот Пеев Л. Оливер од ФК „Диагорос„ Р. Грција за Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ Скопје по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува неговиот професионален договор во времетраење од 1 (една) година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 16.06.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Селмани Р. Ремзифаик од ФК „Ујпешт 1885„ од Р. Унгарија, чл. 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Селмани Ремзифаик склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2021 година.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 19.06.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Муслиу А. Висар од ФК „Приштина„ од Приштина, Р. Косово, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Муслиу А. Висар, склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 1248/3
11. 06 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков - член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1248/1 од 17.05.2018 година против Димо Талевски, комесар за безбедност на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 и член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ поведе постапка на 17.05.2018 година, по што на 11.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. На Димо Талевски, комесар за безбедност на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 и член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ, му се изрекува дисциплинкса мерка – Забрана за вршење функција Комесар за безбедност во траење од 2 (два) месеци.

2. Казната тече од 11.06.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1248/1 од 17.05.2018 година против Димо Талевски, комесар за безбедност на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 и член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ поведе дисциплинска постапка.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот и делегатски извештај и изјава од судијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, е одигран натпреварот помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје. Клубот домаќин имал ангажирано приватна Агенција за обезбедување на лица и имот Карпатија кои биле распоредени на влезовите на стадионот како и на трибинскиот простор. Во 42 минута од натпреварот фудбалерот на ФК Шкупи Овоно Нчама Базилио Ндонг бил навредува на расна основа. Истиот играч бил мета на банани и шишиња со вода од страна на навивачите на клубот домаќин. Главниот судија на натпреварот побарал од делегатот преку разглас да се опомене публиката за да навива коректно. Ваквото барање на судијата и делегатот било игнорирано од страна на комесарот за безбедност на клубот домаќин. По завршување на натпреварот при напуштање на теренот дел од публиката на стадионот фрлале тврди предмети према судиската четворка и делегатот на натпреварот, при што делегатот на натпреварот бил погоден со пластично шише.При влегување во службените простории исклучениот

физиотерапевт повторно крајно неспортски продолжил да се однесува према главниот судија.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 и член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната, ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот, како и претходното однесување на пријавениот, по што согласно член 3 од ДП на ФФМ изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија
Дисциплинска Комисија
Претседавач,
Арбен Борова с.р

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

ФК Пелистер АД Битола
Зоран Лазаров, преку ФК Пелистер
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1277/3
11 06 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1277/1 од 21.05.2018 година против ФК Шкеднија АД Тетово , поради прекршок слаба организација –користење на пиротехнички средства од страна на навивачката група на ФК Шкендија АД и предизвикување прекин на натпреварот во траење од 5 минути на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година во Тетово помеѓу екипите ФК Шкендија АД Тетово и ФК Пелистер АД Битола, врз основа на член член 51 од ДП на ФФМ поведе постапка на 22.05.2018 година, по што на 11.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Фудбалскиот клуб ФК Шкендија АД Тетово **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1000 (илјада ) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година во Тетово помеѓу екипите ФК Шкендија АД Тетово и ФК Пелистер АД Битола.
2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Шкендија АД Тетово, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за 15-1277/1 од 21.05.2018 година против ФК Шкеднија АД Тетово , поради прекршок слаба организација –користење на пиротехнички средства од страна на навивачката група на ФК Шкендија АД и предизвикување прекин на натпреварот во траење од 5 минути на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година во Тетово помеѓу екипите ФК Шкендија АД Тетово и ФК Пелистер АД Битола, врз основа на член член 51 од ДП на ФФМ, повед дисциплинска постапка на ден 22.05.2018 година.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 20.05.2018 година во Тетово помеѓу екипите ФК Шкендија АД Тетово и ФК Пелистер АД Битола, одигран е натпреварот помеѓу ФК Шкендија АД Тетово и ФК Пелистер АД Битола. Во 73 минута од натпреварот биле запалени

пиротехнички средства на целиот стадион, по што настанал прекин на натпреварот во траење од 5 минути.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1, казнива по став 6 од истиот член од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при оцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ, каде е е утврдено „Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување" , и јасно произлегува дека клубот е одговорен за однесувањето на своите навивачи без разлика на превземените мерки за обезбедување. Согласно горенаведеното, недвосмислено произлегува одговорноста на клубот за однесувањето на своите навивачи од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија, во кој се пропишани дисциплинските прекршоци, видовите на казни, субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување. Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спротската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

ДН:
ФК Шкендија АД Тетово
АРХИВА НА ФФМ
Макфудбал
Натпреварувачка
Судиска

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1278/3
11.06 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1278/1 од 21.05.2018 година против ФК Победа АД Прилеп , поради прекршок слаба организација – задоцнет почеток на натпреварот поради доцнење на брзата помош на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година помеѓу екипите ФК Победа АД Прилеп и ФК Ренова АД Тетово, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ поведе постапка на ден 22.05.2018 година, по што на ден 11.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. На ФК Победа АД Прилеп, поради сторен прекршок слаба организација – задоцнет почеток на натпреварот поради доцнење на брзата помош на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година помеѓу екипите ФК Победа АД Прилеп и ФК Ренова АД Тетово, врз основа на член 16 став 1 алинеа 1 од ДП на ФФМ, му се изрекува дисциплинска мерка – ОПОМЕНА.
2. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-1278/1 од 21.05.2018 година против ФК Победа АД Прилеп , поради прекршок слаба организација – задоцнет почеток на натпреварот поради доцнење на брзата помош на натпреварот одигран во рамки на 36 коло од Прва МФЛ на ден 20.05.2018 година помеѓу екипите ФК Победа АД Прилеп и ФК Ренова АД Тетово, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ, поведе дисциплинкса постапка.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 20.05.2018 година во рамки на 36 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу помеѓу екипите на ФК Победа АД Прилеп и ФК Ренова АД Тетово. Конкретниот натпревар кој согласно распоредот требало да запчне во 16:15 часот, поради доцнење на возилото за брза помош започнал со задоцнување од 9 минута, односно во 16:24 часот. Комисијата од списите во предметот утврди дека домашната екипа, сега пријавената уредно го пријавила натпреварот во ЈЗУ Здравствен дом Струмица. Дополнително пред почетокот на натпреварот од страна на претставник на клубот, лекарот на екипата, интервенирал за навремено доаѓање на возилото за брза помош. Делегатот на натпреварот побарал информација од ЈЗУ Здравствен дом од кој причини возилоте сеуште не е пристигнато, за што добил известување само дека дека истото е тргнато.

Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, а посебно фактот дека натпреварот од страна на клубот домаќин, бил уредно пријавен во ЈЗУ Здравствен дом Струмица, што е утврдено и од

страна на делегатот на натпреварот, по што имајки го во предвид член 3 од Дисциплинксиот правилник изрече дисциплинкса мерка како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:** ФК Победа АД Прилеп, АРХИВА НА ФФМОддел за натпреварување на ФФМСудиски оддел

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ
Бр. 03-219
12.06 2018 год.
БИТОЛА

# КОНЕЧНА ТАБЕЛА-3 МФЛ-ЈУГОЗАПАД

## Сезона 2017/18 г

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК КОРАБИ | 24 | 19 | 1 | 4 | 79 | 23 | +56 | 58 |
| 2. | ФК ПРЕСПА | 24 | 13 | 1 | 10 | 59 | 43 | +16 | 40 |
| 3. | ФК ФЛАМУРТАРИ (-3) | 24 | 13 | 3 | 8 | 45 | 35 | +10 | 39 |
| 4. | ФК КАРАОРМАН 2017 | 24 | 11 | 5 | 8 | 61 | 52 | +9 | 38 |
| 5. | ФК ЛИРИЈА с.Грнчари | 24 | 11 | 3 | 10 | 55 | 47 | +8 | 36 |
| 6. | ФК ВЛАЗНИМИ | 24 | 10 | 6 | 8 | 53 | 48 | +5 | 36 |
| 7. | ФК КРАВАРИ | 24 | 11 | 2 | 11 | 60 | 53 | +7 | 35 |
| 8. | ФК САТЕСКА с.Волино | 24 | 10 | 2 | 12 | 62 | 58 | +4 | 32 |
| 9. | ФК ВЕЛЕШТА (-3) | 24 | 11 | 2 | 11 | 56 | 59 | -3 | 32 |
| 10. | ГФК ОХРИД ЛИХНИДОС | 24 | 9 | 2 | 13 | 59 | 70 | -11 | 29 |
| 11. | ФК ОКТИСИ-СПОРТ | 24 | 8 | 5 | 11 | 33 | 46 | -13 | 29 |
| 12. | ФК ВОСКА 2002 | 24 | 8 | 2 | 14 | 48 | 74 | -26 | 26 |
| 13. | Могила Би Милк | 13 | 6 | 0 | 7 | 22 | 29 | -7 | 18 |
| 14. | ФК БАИР-КРКАРДАШ | 13 | 0 | 0 | 13 | 14 | 69 | -55 | 0 |

Првак е екипата на ФК-Кораби од Дебар која се стекнува со право за учество во 2-МФЛ Запад за натпреварувачката 2018/19 г.

Екипите на ФК Воска 2002 од Охрид,ФК Могила БИМИЛК од Могила и ФК Баир Кркардаш од Битола испаѓаат од 3 МФЛ Југозапад.

3-МФЛ Југозапад

Комесар за натпревари

Ралевски Златко с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**